Централна кооперативна банка АД Скопје

Врз основа на член 86, став 1, точка 1 од Законот за банките и член 59, став 1, точка 1 од Статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката на седницата на Годишното собрание одржана на 30.5.2025 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за измени на Статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје**

**Член 1**

Во Статутот на Банката се вршат следните измени и дополнувања:
Во членот 77, ставот 1 се менува и гласи:
„(1) Надзорниот одбор на Банката се состои од седум члена од коишто најмалку ¼ (една четвртина) мора да бидат независни членови.“

**Член 2**

Во членот 99, ставот 1 се менува и гласи:
„(1) Одборот за ревизија се состои од шест члена, од коишто четири члена се избираат од редот на членовите на Надзорниот одбор, а другите два члена се независни. Членовите на Одборот за ревизија ги именува и разрешува Надзорниот одбор на Банката за период од 4 години.“

**Член 3**

Собранието на акционерите на Банката го овластува Надзорниот одбор да изврши промени и дополнување во оваа одлука, по евентуалните забелешки на Народна банка на РСМ во постапката за добивање решение за претходна согласност за измена на статутот, коишто измени ќе бидат одразени во пречистен текст на Статутот, а којшто Надзорниот одбор на Банката ќе го изготви и потпише по добивање претходна согласност од НБРСМ.

**Член 4**

Се овластува Надзорниот одбор да изготви пречистен текст на Статутот на Банката.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила по добивањето на претходна согласност од НБРСМ.

***Образложение***

Потребата за измени и дополнувања на Статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје произлегува од потребата за проширување на составот на Надзорниот одбор на Банката, преку коишто измени ќе се постигне поголема стабилност на составот од аспект на запазување на законски определениот минимум број на членови, како и поголема стручност и компетентност, а исто така и од истите причини соодветно се проширува и составот на Одборот за ревизија

Од погоре наведените причини, следуваше Собранието на акционери да одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**СА бр. 0201 – 19**
**30.5.2025 год.**
**С К О П Ј Е**

**Претседавач,**
**Г. Смилен Цинцарски**

Централна кооперативна банка * Скопје *